**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесетта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,28 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Дами и господа пратеници ја отворам 90-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Фадил Сулејмани, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Љубчо Георгиевск, Љубисав Иванов Ѕинго, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Гоце Марковски, Тито Петковски, Никола Рилкоски, Данаил Дончев, Петар Поп Арсов, Садула Дураку, Стојан Андов, Илинка Митрева, Фијат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да достави точен број на присутни пратеници, зошто не се согласува бројката, голема разлика имаме.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и извршител на директор на Македонска радио и телевизија.

Записниците од 83, 86 и 96-тата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците?

(Нема)

Констатирам дека записниците од 83, 86 и 96-тата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Според тоа на денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавски;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на стратешкиот договор меѓу Република Македонија и Канцаларијата на европската полиција, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на седмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, со Предлог на закон;

4. Предлог на закон за водите;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на агенција за странски инвестиции на Република Македонија со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компезација на цената на некои прехранбени производи, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за здружување на земјоделците, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за арондација, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за комасација, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за лобирање;

18. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од Меѓународните финансиски организации, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка , со Предлог на закон;

21. Предлог за разрешување на господин Љубиша Георгиевски од функцијат претседател на Собранието на Република Македонија;

22. Предлог за донесување на закон за техничка инспекција, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судски буџет, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

27. Информација за состојбите на производителите на шеќерна репка, Полошкиот регион;

28. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Собранискиот канал за 2007 година;

29. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;

30. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2008 година;

31. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот радио програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;

32. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот телевизиски програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;

33. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности наменети за активностите на Собранието на Република Македонија за 2008 година;

34. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот втор телевизиски програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик за 2008 година;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Овде има доста пријавени, претпоставувам процедурално.

Прв е господинот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Благодарам господине претседателе.

Барам во името на парламентарната група дополнување на дневниот ред со информација од страна на Владата, може и усна информација за последната одлука на Владата за градење на црква на плоштадот Пела, затоа што во средствата за информирање се лиферираат разни информации дека ќе се гради на местото каде што била куќата на нобеловката мајка Тереза.

Исто така, имаше порано и информација од медиумите и дека и на Папата Бенедикт му е ветено при посетата во Рим дека таму ќе се изгради, ќе се обнови куќта на мајка Тереза. Сега се лиферуваат други информации. Дека има одлука на Владата за градење на црква, кои се процедурите, бидејќи има разни дилеми и разни информации во средствата за информирање.

Исто така доколку се гради на плоштадот на Скопје таа црква, исто така имаме сознание дека од Исламската верска заедница има барање кое што е поднесено порано за градење, обновување на џамијата Бурнали на плоштадот на Скопје, која што џамија исто така постоела.

Со ова Владата испратила јасна порака до сите граѓани дека придонесува за меѓуверска толеранција и ќе се тргнат дилемите за тоа каде, како.

Мислам, бидејќи се разговара за многу чуствително прашање на верски елементи, Владата има обврска, било и со усна информација да не запознае нас пратениците и пошироката јавност за тоа која е одлуката, кои се мотивите и како ќе следи, зошто на таа седница на Владата не се одговорило и на барањето на Исламската верска заедница за градење на старата џамија во центарот на Скопје, Бурнали џамијата.

Доколку се предвидува, сигурно дека ќе имаме разбирање за тоа кога ќе се донесе одлука за градење на истата џамија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Јакупи Зумрете, повелете.

(Реагирање на пратеникот Беџети од место)

Или ако треба одговор формулирајте го предлогот, дали имате предлог за гласасе, затоа што ова сега беше само коментар.

Дојдете, дојдете, важно е да се јасни работите. Нема никој против.

**Блерим Беџети:** Ако не сме се разбрале, јас дадов точно и конкретно барање.

Бараме информација од Владата. Дури сме согласни и усмено да биде за одлуката да се изгради црква во центарот на Скопје каде што е местото на куќата на мајка Тереза.

Која е постапката и причините, бараме информација и зошто не е донесена одлука за изградба на Бурмали џамијата, за која исто така има барање од Исламската верска заедница.

**Љубиша Георгиевски:** Значи ние земаме обврска таа информација да ја побараме од Владата.

**Блерим Беџети:** Сега, дури и усмено да ја ставиме на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Сакате да ја ставиме на гласање?

**Блерим Беџети:** Добро.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот како што го формулира сега господин Блерми Беџети го ставам на гласање.

Кој е за тој предлог?

28 пратеници гласале за, воздржани нема и против гласале 37 пратеници.

Според тоа предлогот не се прифаќа.

Одиме понатаму.

Повелете госпоѓа Јакупи Зумрете.

**Зумрете Јакупи:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Ние како парламентарна група бараме на дневен ред да се стави уште една друга точка во врска со информацијата која треба да ни ја даде Министерството за внатрешни работи и бараме министерката да биде присутна и да не информира за случајот во Арачиново.

Исто така, да не информира за убиството на еден граѓанин од Глумово на патот за Гостивар, како и тешката повреда на другиот граѓанин од Шипковица.

Исто така, истовремено бараме во дневниот ред за оваа седница да се додаде точка, да се даде информација за малтретирањето од страна на специјалните полициски единици, малтретирањето на нашиот пратеник и на градоначалникот на општина Арачиново Музафер Беслими и пратеникот Сафет Незири. Благодарам.

Се надевам дека ќе имате разбирање да го ставите на дневен ред ова, ако има можност да се изгласа овој мој предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

(Реакција на некои претници од место)

Повелете, повелете, ама би требало прво да гласаме.

Повелете.

**Јагнула Куновска:** Не вреди прво да гласаме.

Ние сите пратеници го добивме барањето од координаторот на пратеничката група на ДУИ, Рафис Алити со кое се бара информација од страна на министерот за внатрешни работи, госпоѓа Гордана Јанкуловска, за случувањата во Арачиново и во Гостивар на ден 22 јануари 2008 година.

Јас како пратеник би го прифатила ова и би гласала по истото доколку координаторот на пратеничката група и воопшто пратеничката група на ДУИ ни дадат објаснување, а по тоа објаснување ние да расчистиме, кои се припадниците на паравоените единици АЛФИ, назначени така, кои се тие кои што се како страшен инструмент во рацете на одредени структури на Министерството за внатрешни работи и власта, како инструмент на одредени структури. Ние ако прифатиме за ваква информација да гласаме тоа значи дека ние се согласуваме со се ова.

Затоа молам јас, пратеникот, коориднатор ова да го објасни и доколку е достојно и оправдано неговото објаснување да преминеме на гласање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, Парламентот овде решава, донесува одлуки со гласање и пред гласање не може да се има одлука. Одлуката на Парламентот е после гласањето.

Според тоа предлогот на госпоѓа Јакупи Зумрете го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 при полн кворум.

За се 7 пратеници, воздржани 1 и против 38.

Според тоа предлогот не помина.

За процедурална забелешка се јави господин Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, можеби мојата забелешка не е процедурална, туку согласно Деловникот член 73 при утврдувањето на дневниот ред Собранието без претрес се изјаснува за секој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред. Затоа е дефинирано во посебен член, не во членот што се однесува на процедурални забелешки.

Јас во име на пратеничката група на СДСМ барам точката 15, или предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон да се симнет дневниот ред на оваа седница со следново образложение.

Целокупната јавност во Република Македонија е сведок за подолготрајната криза заради аматерското и непрофесионално водење на

енергетскиот сектор во нашата држава. Заради таквите инпровизации бевме сведоци на една интерпелација на министер за економија која што во овој момент е во оставка, како предлагач на законот, како што е напишано овде. Сепак, она што е најзагрижувачко за Република Македонија е следново. Предложениот закон што е ставен на дневниот ред од необјасниви причини за пратеничката група на СДСМ, нема европско знаменце. А од друга страна гледаме дека Владата се обидува пред Европската комисија да го образложи Предлогот и неговиот европски концепт. Клучниот владин предлог според портпаролот Христина Нач, на Комесарот за проширување, државните електрани да произведуваат и продаваат струја не помина на средбата во Брисел. Цитирам: Комисијата подвлече дека се потребни натамошни амандмани за да биде законот во согласност со европските стандарди и воедно ја изрази својата подготвеност за понатамошна помош за ова прашање. Затоа бараме овој Предлог на закон да се симне од дневниот ред на оваа седница. Да не се злоупотребува европското знаменце и да се стави на насловната страница на овој закон, да заседава Комисијата за европски прашања, да ги провери законските измени дали се во согласност со европските директиви и да имаме закон со сите нишани кој ќе го подржиме овде во Собранието. На овој начин, ако вака остане, целокупната јавност во Македонија ќе знае дека имаме неевропски закон, неусогласен закон и закон кој што треба само на двајца, тројца да им донесе огромни милионски суми. Ние тоа нема да го дозволиме, а се надевам дека и парламентарното мнозинство ќе ги следи препораките на Брисел.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки процедурално сте сосема во право. Но, бидејки дадовте еден исцрпен и аналитичен увид во проблемите кои би можеле да произлезат од тоа, ако овој закон остане на дневниот ред. Предлагам, бидејки денес и онака технички не е можно да се дојде до тој закон, предлагам да имаме една координација во која ќе се координираме сите по прашањето кое што го отворивте за да имаме договор.

**Јани Макрадули:** претседателе кога портпаролот на Комесарот за проширување ќе каже јавно дека законот не е усогласен, мислам дека немаме ниту мандат да влегуваме во материјална расправа за еден закон кој што не е усогласен со европското законодавство. СДСМ ја следи перспективата и македонскиот пат кон Европската унија. Не знам за другите политички партии? Но, ние ќе опстоиме на европскиот пат на Македонија. Затоа сосема согласно Деловникот и член 73, барам мојот предлог во ием на пратеничката група на СДСМ овој неевропски закон да биде симнат од дневниот ред на оваа седница.

**Љубиша Георгиевски:** Според моите сознанија од денешниот печат кој случајно имав шанса да го разгледам, бидејќи седницата ја почнавме подоцна. Сите наслови се така дека почнато е пеглањето на тој закон и дека ние овде во Парламентот и каде што му е местото треба да го допегламе. Затоа беше мојот предлог да седнеме и да се договориме. Никогаш не е страшно да се договориме. Ве убедувам, вие и сами знаете дека до него денес нема да стигнеме. Така што ништо не прејудицираме. Можеме ние само да се договориме по еден терк, по втор терк, по терк да се гласа и т.н. Не гледам зошто е толку итно сега да го решиме тоа. Јас само предлагам да помине низ нашиот филтер на договор. Ако не, членот е јасен дека Собранието решава без претрес, значи гласа. Може и тоа. Меѓутоа, јас мислам дека вашиот предлог има реално повеќе шанса, ако се договараме.

**Јани Макрадули:** Претседателе, се извинувам што уште еднаш ќе земам збор, но навистина не мислам дека шестте координатори на пратеничките групи во Собранието заедно со вас ќе успеат повеќе да одговорат на поставените прашања од заедничкиот состанок што го имаа претставници на нашата Влада и Европскиот директоријат за енергетика. И затоа, ако Европскиот директоријат за енергетика јасно кажува дека законот не е усогалсен, не мислам дека ние основа на координација повеќе кој ќе ги образложува. Мислам дека навистина ќе бидеме хендикепирани ние како координатори кога луѓето од Владата не успеале тие да го образложат во Брисел, а пак ние тука меѓу нас координаторите како ќе дојдеме до вистината. Затоа при една ваква нерешена ситуација, не нерешена како нерешена, туку ситуација каде што немаме решение од нашата Влада, за жал, или за среќа да ги одбрани ставовите нејзини на законот, а и јасна порака имаме од Брисел. Се надевам дека и претседателот на Комисијата за европски прашања ќе застане во одбрана на европските вредности во ова Собрание. Барам оваа точка сосема легитимно согласно Делвоникот да биде симната од дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Сигурен сум дека се разбравме и вие мене и јас вас. Моја деловничка обврска е да го ставам на гласање предлогот, овој закон да се симне од дневен ред.

Ве повикувам да гласаме.

За гласале 28 пратеника, воздржано 1, против 37.

Според тоа, споменатата точка останува на дневен ред.

Процедурално има господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** По дневниот ред .

Почитуван претседателе, јас ќе згрешам ако кажам дека вие во вашето работење не сте имале и позитивни моменти. Еден од тие позитивни моменти е кога одлучивме заедно тогаш кога и ЛДП присуствуваше на координација, интерпелациите, или иницијативите за разрешување да ги ставаме на прво место. И вие не само што го прифативте тоа, туку првиот ваш потег за интерпелација, или разрешување биде на прво место, дури и последна точка на дневен ред беше кога на

дневен ред дојде предлогот за ваше разрешување, ваша интерпелација и тоа од мојата пратеничка група, од пратеничката група на ЛДП.

Јас сакам овој пат да ве повикам вас и сите нас да си го почитуваме тој воспоставен од вас критиериум, да си ја почитуваме традицијата и од нас воспоставена традиција. И овој пат би предложил точката која што сега стана од неразјаснети причини дури 21, а тоа е Предлог за разрешување на господин Љубиша Георгиевски од функцијата претседател на Собранието на Република Македонија, поднесен од колегите од СДСМ, всушност да биде прва точка на дневниот ред. На крајот на краиштата почитуван претседателе и почитувани членови на паралментарното мнозинство, не е битно дали се работи сега за разрешување на актуелниот претседател, утре ќе имаме можеби разрешување на некој друг претседател, туку кога расправаме ваква точка на 20, 25-то место, ние всушност самите си ја одредуваме позицијата на Собранието на Република Македонија. Затоа што, ако се разговара за претседател на Собранието на Република Македонија, да ве потсетам, ние сме според Уставот парламентарен систем на демократија, тогаш ние самите се ставаме во втор, трет, да не речам 20-ти план. Оттаму почитуван претседателе очекувам од вас најголема поддршка всушност да ми дадете во овој предлог. Да заклучам, мојот предлог е точката 21, тоа е Предлог за разрешување на господинот Љубиша Георгиевски од функцијата претседател на Собранието на Република Македонија да биде прва точка на дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Поголема поддршка да го ставам овој предлог на гласање, не можам да ви дадам. Но, заради правилното информирање на јавноста, јас овде од оваа катедра реков дека интерпелациите, а мојата интерпелација посебно ќе ја ставам на посебна седница со една точка на дневен ред, но не, предлози за разрешување. Предлог за разрешување не е никаде спомнат како модалитет се до давањето на предлогот потпишан од 20 пратеници од СДСМ. Па дури и тие во првиот предлог не знаеа како се прави тоа, па го повлекоа, па беа советувани како се прави тоа, па на крај беше коректно. Според тоа, чисто за да имаме коректни односи, јас навистина тоа го ветив и ако беше интерпелација ќе беше една точка како што минатиот пат го направив. За тоа имам кредибилитет зошто сум го направил.

Предлогот на господинот Жерновски, моето разрешување да дојде како права точка на дневен ред, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 26, воздржани нема, против гласале 43 пратеници.

Според тоа, останува тој распоред каков што беше.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, навистина не можам да не реагирам кога гледам дека имаме една седница на која што имаме 31 предлог за донесување на закони и од сите тие само еден единствен закон го носи знакот на Европската унија. Мислам дека се договоривме дека приоритет ќе имаат законите кои што го носат знакот на Европската унија. Дали овие закони што понатаму ни се дадени не се усогласени со законодавството на ЕУ и сега ние треба да дебатираме со денови по нив, пратениците од опозицијата да настојуваат преку амандманска расправа колку, толку да ги усогласат со европското законодавство и да ги донесеме тие закони за после тоа да ни стигнат нови закони усогалсени со европското законодавство се со една единствена цел, пред јавноста да се покаже колку е неефикасен Парламентот, а виза ви тоа колку е ефикасна Владата. Затоа што јавноста ќе не слуша што ние дебатираме, а не знае дека Владата ни доставила 30 закони неусогласени, се извинувам, тука има и други точки, ајде нека бидат 20 закони неусогласени со европското законодавство. Ве молам, дали и ова е дел од тенденцијата да се прикаже Парламентот пред јавноста како неефикасен, или пак навистина се сака да се постигне нешто друго.

Сега ќе дадам конкретен предлог. Во овој случај да работиме до 4-тата точка, значи Предлог на закон за водите. Со оглед на ова што беше истакнато и од колегата Макрадули, тука да ја прекинеме оваа седница, значи да се симнат точките од дневен ред сите и да продолжиме да работиме по заостанатите седници на кои што се наоѓаат закони кои што го носат предзнакот на Европската унија. Инаку, навистина ова ќе го сфатам несериозно, далеку од тоа што го говориме пред јавноста дека ни требаат европски закони и далеку од тоа што се договараме на координација.

**Љубиша Георгиевски:** Јас навистина високо го почитувам овој ваш коментар госпоѓо Топузова, затоа што не е никогаш на одмет да се потсетиме за некои приоритети, а особено за приоритетите на Европа. Меѓутоа, ве уверувам дека мојот деск е празен што се однесува до европски закони. Нема други. За Владата не знам. Парламентот е чист од европски закони комплетно. Последниот европски закон влезе во оваа седница. Сега засега пак тврдам, да се разбереме, во овој час како ние и да гласаме, можам тоа да го ставам на гласање, гласањето ќе ја задржи формулацијата да се ориентираме на европски закони, ама тие ги нема во овој час. Во часот кога оваа седница е закажана ги немаше. Мислам дека и сега ги нема. И сега нема. Затоа што тие закони беа субјект на усогласвување на лидерите и т.н. и ги поминавме. Инаку, сигурно е добар тој коментар да сме будни, бидејки никој не е без грешка. Може и нас да ни промакне некој. Ама сега нема таков закон. Ве молам да го уважите ова.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам, јас ќе го повлечам предлогот. Меѓутоа, во овој момент

имавме нешто што е многу суштинско и значајно за овој Парламент и за ефикасноста. Значи, самио тпретседател кажа, сакаме и македонската јавност да знае дека нема во Парламентот ниту еден закон кој што Владата го доставила, а го носи предзнакот на ЕУ што е спротивно на она што го кажува премиерот, дека Парламентот е неефикасен во насока на носењето на законите од Европската унија. Ве молам, би сакала во текот на расправата да ги добиеме и стенограмите, затоа што ова веќе упатува на нешто друго. И нека знае македонската јавност каде е проблемот со усогласувањето со европското законодавство.

Јас го повлекувам предлогот. И навистина добро е што слушнавме дека Владата не си ги исполнува своите обврски кои што ги има во однос на усогласување со европското законодавство.

**Љубиша Георгиевски:** Вашиот коментар го почитувам. Мојот коментар е дека добро е што нема, без оглед дали е спротивно, или неспротивно, добро е што нема.

И сега да се корегирам, добив од службите. Ќе речам, добро што немаше, или немало на 14 декември 2008 година кога оваа седница е закажана. Се корегирам, но наскоро ќе добиеме, ако има нешто и што има, ви ветувам во текот на не повеќе од 15 минути, во текот на не подолго од 15 минути ќе знаеме каква е моменталната ситуација на дескот што има европски знак. Тука нема ништо скриено.

Еве, сега добивме телефонски дека дескот е чист. Сеуште нема европски закон.

Има збор госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Почитувани присутни, согласно член 66 од Деловникот за работа, барам дополнување на дневниот ред на денешната седница. Имено, барам дополнување со нова точка Информација за случајот со крвничкото претепување на сопственикот на Канал 77 Горан Гаврилов, Инфорамција до каде е истрагата во врска со овој случај. Имено, сведоци сме, сите слушнавме дека на 26.01. во раните утрински часови во саботата во 00,5 минути пред сопствениот дом беше крвнички претепан Горан Гаврилов сопственикот на првото независно приватно радио Канал 77 во Република Македонија. Сведоци сме дека декларативно сите го осудија овој напад. Добивме соопштение од Министерството за внатрешни работи дека веднаш ќе ги превземат сите расположиви мерки за да ги откријат сторителите. Добивме информација од политичките партии, добивме информација од Здружениеот на новинарите на Македонија, меѓутоа освен откриените железни палки и после три дена од настанот немаме никаква инфорамција за сторителите на овој настан. Повторно се посега по независното новинарство, повторно сведоци сме на чин на заплашување на новинарите. Сакам да направам споредба со 11 април 1999година и случајот со новинарот Славко Чурувие во Белград кој беше убиен пред својот дом и исто така настанот не беше расветлен, туку само беше осуден од сите. Една година, или годинаипол после убиството на новинарот Чурувие падна режимот на Слободан Милошевиќ. Дали останувањето на Горан Гаврилов во живот значи дека во Македонија е нешто различно. Значи, барам дополнување на дневниот ред со точка за инфорамцијата околу крвничкото претепување на Горан Гаврилов.

**Љубиша Георгиевски:** Тој акт стана вчера и по сите официјални извештаи од МВР, луѓето сеуште немаат што да кажат. Да се Скотланд Јард не можат за толку кратко време да подготват информација.

Според тоа, дајте да бидеме посериозни во овие предлози.

Повелете госпоѓо Верице, повелете. Ова мое не е процедурално објаснување. Вие сте за процедурално. Можеме да го ставиме на гласање, но не гледам кој е резонот, затоа што технолошки нема време полицијата нешто да знае.

**Верица Филипова:** Јас побарав една минута реплика претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Затоа е да разговараме на овој Парламент.

**Верица Филипова:** Затоа барам Парламентот да се изјасни по мојот предлог, дополнување на дневниот ред како трета точка со информација. Информацијата треба да ја даде министерката за внатрешни работи. Може да биде и усна. Поради краткото време можеби не можат да направат писмена информација, меѓутоа, ќе се задоволиме и со усмена информација до каде е истрагата по овој случај. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас предлагам сепак ова да го исчекаме малку за да имаме и за јавноста.(Реакции од место)Ве молам, ве молам, не упаѓајте од седиште. Не е пристојно, а и не е добро. Затоа дозволете, сеуште никој не знае што и кој се крие. Вашата политичка цел е многу јасна. Процедурално е чиста, но многу е јасна. Вие предложете тоа, како вие да ги штитите новинарите, а мнозинството да го одбие тоа. (Реакции од место) Добро еден глас ве молам. Не минирам ништо. Само дискутирам. И јас имам право Деловнички е така. Јас треба да го ставам на гласање зашто е изнесен официјален предлог.

Предлогот на госпоѓа Верица Филипова го ставам на гласање. Повелете.

Значи гласале 57 пратеници, за гласале 22, воздржани 1, против 34.

Сценариото што го прераскажав, јас сум сценарист, се оствари.

Одиме понатаму.

Господине Оливер Спасовски повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас согласно Деловникот сакам да побарам 15-та точка Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, Собранието да донесе одлука да го разгледаме во две фази, од едноставна причина што иако Владата во допис оној закон што го има испратено до Собранието стои дека, заради тоа што Законот не е обемен и сложен, предлагаме да биде на иста седница, напротив, мислам дека суштината која што се предлага со овој нов закон, иако во очите на Парламентарното мнозинство, тоа не е воопшто ниту обемен ниту сложен, меѓутоа ќе мора да посветиме повеќе внимание, заради тоа што пред се, е најзначајно за Република Македонија и за нејзините граѓани. Дотолку повеќе што за вакво нешто добиваме неколку пати укор од страна на Европската Комисија. Еднаш Владата го повлече овој закон, потоа го стави на дневен ред пред да замине на разговорите во Брисел, отидоа во Брисел, разговараа, што се договарале не знам, на излегување даде потпретседателот на Владата една изјава од која што верувајте треба да се срамиме сите ние, заради тоа што веднаш после тоа свика прес конференција на која што ќе укаже дека или не памтиме добро што ни кажуваат таму, или не сакаме да памтиме и токму заради тоа портпаролот на Европската Комисија рече дека се потребни натамошни амандмани за да биде законот во согласност со европските стандарди и понудија сопствена помош по однос на ова прашање.

Ако е тоа така, како што впрочем е факт во моментот, мислам дека не треба да настапуваме тврдоглаво како многу пати до сега. Мислам дека токму тврдоглавоста не е сојузник на Република Македонија и од тие причини предлагам собранието да донесе одлука со која што овој закон ќе се донесе во две фази во која што ќе се отстранат сите недостатоци од Законот за енергетика во која што ќе покажеме како норми дека не фаворизираме одредени компании и не создаваме монопол и од која што ќе може да се гарантира дека во Република Македонија ќе ја подобруваме состојбата на енергетски план, а не да ја нарушуваме дополнително како што тоа се прави во овој момент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јас ги сфаќам вашите причини, но процедурално чисто е кога ќе се усвои дневниот ред и кога ќе дојдеме до таа точка, тогаш да го предложите овој ваш предлог и јас ќе го ставам на гласање да се одлучи.

Понатаму госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Јас се јавив исто како колегата Спасовски. Мојот предлог се содржи за промена на бројот на дневен ред на една од точките. Затоа, по усвојувањето на дневниот ред ќе ве молам да ме повикате да го изнесам мојот предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Нотирајте да ја повикаме госпоѓа Бендевска.

Господин Николовски Александар повелете.

**Александар Николовски:** Ви благодарам претседателе.

Случајно или не мојот предлог во дел се поклопува со она што беше предлог или барање на колешката Верица Филипова.

Имено, би сакал да побарам од вас да побаратет од Министерство за внатрешни работи информација да испрати официјално известување до Собранието на Република Македонија по однос на случувањата порзани со Горан Гаврилов, сопственик на медиумот радио Канал 77, кој што според информациите во медиумите бил физички нападнат пред неколку дена и би сакал да побарам од вас веднаш штом ја добиете информацијата да ја ставите на дневен ред на првата наредна седница.

Исто така, би сакал доколку ми дозволите да потенцирам една работа дека се додека не ја завршат истражитени дејствија, политичко поентирање од вакви ниски размери, какви што имавме можност да слушнемем пред некоку минути, во крајна линија е безобразлук и правење такви паралели какви што беа направени во случај во Србија е исто така безобразлук и ние нема да одговориме на тие провокации, туку едноставно бараме од вас да побарате од Министерство за внатрешни работи да достави писмен извештај, кој што ќе го рагледаме на првата наредна седница. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на господинот Николовски најсериозно го земам ад нота.Тоа барање ќе биде испратено и после откога ќе го добиеме барањето ќе гледаме на кој начин ќе процедираме, (реакции од место) да ви кажам нема овде гласање. Јас не спомнав гласање. Јас велам. Бара од мене од претседателот, не приватно, да побара од Министерство за внатрешни работи информација. (Реакции од место) Не е за дискреционо право. Она исто се поклопува со Предлогот на госпоѓа Филипова. Јас не го ставам на гласање. Јас ја започнав мојата реченца: со земам најсериозно ад нотам. Тоа значи на знаење. Господине Макрадули не спомнав гласање. Се извинувам.

Господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас имам поинаков предлог. Според дневниот ред што го имаме пред нас, точката 14 - Предлог на закон за енергетика, наместо 14 да биде точка 31, каде што е во однос на телевизискиот канал МРТВ за вториот канал за сателитскиот сервис, точката 31 да биде точка 14, а точката 14 кадешто се работи за Законот за енергетика да биде точка 31.

Барам поддршка од сите парламентарни групи, затоа што сите знаеме дека нема да биде добро денеес и утре ние да дебатираме или расправаме за Законот за енергетика, знаејќи ги сите околности кои што се во Брисел, или во земјата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Рафис ова ќе го одлучиме без претрес по утврдувањето на дневниот ред. Истото ве молам да го предложите. Сега сме уште во фазата на утврдување на дневниот ред.

Господин Сафет Незири, повелете.

**Сасфет Незири:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас мислам дека откако ќе се утврди дневниот ред на оваа седница, сакам да ви укажам на пратениците за 30-та точка да биде прва точка од дневниот ред за финансискиот план, кој навистина треба да се донесе што побрзо од ова Собрание за да и помогнеме на МРТВ, знаејќи ја во каква тешка состојба се наоѓа како информативно јавна институција. Мислам дека што побрзо би побарал и ги молам пратениците во Собранието да се усвои овој предлог и да се олесни работата на МРТВ на овие чести седници и комисии кои се следат преку телевизиските екрани менаџирајќи се од оваа телевизија. Ова ќе оставам да го предложам откако ќе се утврди дневниот ред. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Веднаш после господинот Рафис Алити.

Господине Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, мислам дека имаше предлог од Верица Филипова околу нападот на сопственикот на Канал 77. Потоа Парламентот се изјасни, меѓутоа, мислам дека требаше да биде предлогот согласно Деловникот во писмена форма. Ако беше така поставен, јас сум сигурен дека пратениците ќе прифатеа да се расправа во текот на денешниот дневен ред. Меѓутоа, Деловникот е таков, кога има таков предлог не може никој друг да се произнесе дали се согласил или зошто се согласил, или зошто е против. Значи, во основа мислам дека треба да се допрецизира предлогот и ако е можно во писмена форма да биде доставен до Парламентот. На тој начин можеби ќе можеме да одлучиме, бидејќи ќе биде согласно Деловникот нејзиниот предлог. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, мислам дека во интерес на јавноста требаше да информирате дека предлогот што го даде госпоѓата Филипова од името на пратеничката група на СДСМ беше потполно во согласност со Деловникот. Сакам да ги замолам нашите колеги од власта да не бараат различни изговори за да се оправдаат во јавноста зошто не го прифатиме нашиот предлог и за тоа ве молам сериозно да размислувате како ќе се изјасните по однос на предлозите што ги даваме, заради тоа што, ако гласате за овој предлог против, а потоа ако телефонски добиете директива дека треба да го поддржите или да побарате дополнително таква точка на дневен ред, верувајте ми дека јавноста нема сериозно да го сфати тоа како ваша сериозна интенција. Немојте да барате смешни изговори зошто не сте прифатиле сериозни предлозиод страна на опозицијата. Преземете ја одговорноста што ја имате како власт во оваа држава и почнете веќе еднаш да се однесувате така. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Жалам што настана една ваква мешаница во нашиот Парламент. Ги повикувам барем координаторите на пратеничките групи и парламентарците кои што подолго време се во овој Парламент, кои што на памет го знаат член 66 да го применуваме во овој собраниски состав и да не дозволиме импровизации кој како ќе му текне така да си го толкува деловникот и да бара нешто што не е возможно и притоа да лепи етикети на едната или на другата страна дека некој се јавил, па заради тоа некој си го сменил мислењето, ниту пак дека парламентарното мнозинство има смешни изговори.

Почитувани колеги, членот 66 ќе го прочитам уште еднаш, иако го знаете на памет и го повикувам претседателот на Собранието да го употребува. Пратеник и Владата можат и по свикување на седницата како и на самата седница до утврдување на дневниот ред, да предложат во дневниот ред да се внесе определено прашање, само во случај на итна и неодложна потреба, став 2. Предлагачите од став 1, значи вие почитувани колеги во овој случај сте должни да поднесат материјал во писмена форма и да ја образложат итноста. На седницата најнапред се одлучува за итноста без претрес. Значи, кога ќе имаме писмен материјал, писмена информација, неколку пати се обидувам тоа да го кажам, дури тогаш може да гласа овој Парламент. Инаку, без писмена информација да не го кршиме редот кој што сами сме си го утврдиле со почитување на овој Деловник за работа на Собранието. Кога ќе има писмена информација, тогаш ќе расправаме.Ние бевме спремни како Парламентарно мнозинство да расправаме за ова прашање. Меѓутоа, нема писмен документ. Дајте да го почитуваме Деловникот и вакви точки да не бидат ставени воопшто на гласање, доколку нема писмен официјален документ доставено до почетокот на седницата, или во текот на самата расправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Претпоставувам ова ќе биде за процедурална интервенција. Господин Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, колешката Верица Филипова побара информација. Бидејќи во овој момент на власт во Република Македонија, да ги потсетам парламентарното мнозинство и ВМРО ДПМНЕ и министер за внатрешни работи е поранешниот генерален секретар на ВМРО ДПМНЕ Гордана Јанкуловска, можеме да прочитаме 100 члена од Деловникот. За жал, нивната одлука да не се

расправа за напад на новинар, за напад на медиуми, не може да се испере. Барањето за информација, како точка на дневен ред, согласно член 73 е сосема во ред. Собранието без претрес се изјаснува за секој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред. Сосема јасно е тоа кажано. Колешката Верица Филипова побара да расправаме, да добоеме информација од најодговорните, од министерката за внатрешни работи. Како е тоа можно да зачестат прво нападите на медиумите и новинарите во Република Македонија и таков еден тежок инцидент да дискутираме овде врз база на информација од министерката. За жал, парламентарното мнозинство се реши ВМРО ДПМНЕ да не дискутираме за тоа. Сега можеме да ги читаме сите членови, ама тој срам не може да се испере. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека употребувате малку потешки зборови отколку што треба. Никој овде не се изјасни да не се дискутира. Се изјасни само за навремено дискутирање со тоа што има два концепта. Од првиот здив во овој Парламент тврдам дека по Деловникот секоја страна може да е во право по секој проблем, затоа и нечини.

По тој член е така, по друг не е е така и според тоа секогаш има некакво оправдание. Инаку, што се однесува до политичиот аспект, тоа не е мој аспект, не сакам да се впуштам, но направив јас грешка или не кога го прераскажав сценариото, јас го прераскажав сценариото како ќе оди работата и така одеше. Според тоа, се е јасно, нема тука срамови, кој кого ситно ќе надмудри тоа е друга работа, дајте да работиме да гледаме глобални, ние сме овде да ги разрешаваме глобалните проблеми, а не процедурално да се надмудруваме.

Сега господин Слободан Најдовски процедурално? Да.

Господин Александар Николовски процедурално?

Ајде ве молам, да дојдеме малку и до материјална расправа.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да дојдеме до материјалана расправа по точките на дневниот ред и законите, но она што сега сакам да го предложам, наместо да држите координација утре или не знам кој ден, барам сега да ја прекинете седницата и по законот за енергетика да се договориме за следното: ако сега го ставите како точка на дневен ред бидејќи парламентарното мнозинство не сака да го симне од дневниот ред, ако сега го ставите на дневен ред, кога расправавме на Комисија за економија, прашав дали Владата ќе поднесе амандмани на Законот за енергетика бидејќи ќе ни овозможи нас пратениците активно да учествуваме при донесувањето на Законот за енергетика. Министерката во оставка тоа тогаш го премолчи. Сега вие сакате пак да не надмудрите и тоа ќе го направите. Но, нема да не надмудрите нас. Што се сега суштината? Владата очиглено ќе поднесе амандмани на Законот за енергетика. Ние пратениците имаме поднесено 30-40 амандмани на Законот за енергетика. Автоматски ќе бидеме оневозможени повеќе да поднесеме амандмани, како и што досега се прави, од друга страна Владата со тие амандмани што ќе ги поднесе, ќе ги направи безпредметни амандманите кои што ние како пратеници сме ги поднеле согласно Деловникот.

Господине претседателе, јас сакам да верувам во вашите добри намери, но вашите добри намери нас ништо нема да ни значат, бидејќи ние деловнички ќе бидеме оневозможени после да реагираме на амандманите кои што ќе ги поднесе Владата. Бидејќи вие и самите велите дека Владата ќе поднесе амандмани по однос на Законот за енергетика.

Она што јас сакам да ви го предложам, да ја прекинете сега седницата, да се договорите со координаторите за следново: Владата да го повлече Законот за енергетика, па потоа со оглед на тоа што ние го имаме добиено како текст, нека го предложи ако сака и по итна постапка, но да си течат роковите, за да можеме ние после да се вклучиме во расправата за Законот за енергетика. Бидејќи, можете да ја излажете јавноста, можете да не надитрите, ајде да не употребам некој полош збор, нас пратениците да не заобиколите. Но, не ни е тоа целта. Целта ни е да влеземе во расправа рамноправно и да донесеме закон кој што ќе биде корисен за Република Македонија.

Од тие причини самите знаете дајте договорете се и предложете и на Владата или да го повлече или пак вие заедно со парламентарното мнозинство да го симнете и да си водиме расправа. Да направиме закон кој што е добар за Република Македонија. Можеби е Владата целосно во право, но тогаш ќе видиме. Вака ни оневожмозувате нас односно Владата ќе ни оневозможи, а со тоа што и вие го подржувате ваквиот начин ќе ни оневозможите и нас на пратениците да влеземе во таа расправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Најдовски, јас не се сомневам во вашите намери, ниту некогаш сум се сомневал. Мислам дека намерите ни се заеднички. Мислам дека оваа дискусија ја водиме паметно, стамено и како што треба. Во врска со вашиот предлог имам да кажам само едно, кратко. Јас тоа го нудев, да направиме пауза за координација меѓутоа малцинството односно претставникот бараше гласање. Ние не можеме сега да се координираме баш истиот ден. Јас не велам дека по законот за енергетика нема да се координираме. Тоа не чека, затоа што тука ќе настапат и перипетии. Но, сакам да ви кажам, ние не можеме за пет минути да изгласаме една одлука и после на една изгласана одлука да се координираме. Нема, изјаснето е Собранието, сами се дезавуираме, па затоа не можам вашиот предлог да го прифатам.

Повелете господине Николовски.

**Алекасандар Николовски:** Претседателе, кратко, само за да појасниме некои работи.

Разликата помеѓу нас и СДСМ е тоа што ние сакаме да го почитуваме Деловникот и не сакаме да правиме ништо во насока на нашиот политички рејтинг, освен почитување на Деловникот. Претседателе, тоа што се некултурни зборува за домашното воспитување.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, немојте да си префрлувате, нема потреба од нервоза на оваа етапа од нашиот пат кон Европа.

**Александар Николовски:** Ако ми дозволат да зборувам, нема да има проблеми и ќе кажам што сакам да кажам.

Ние побаравме согласно Деловникот односно јас побарав од име на пратеничката група, Министерството за внатрешни работи и вие да се обратите како претседател на Собранието да достави писмена информација и после тоа таа писмена информација да ја ставите на дневен ред на првата наредна седница веднаш штом ќе ја добиеме. Тука нема ништо спорно и тоа е прва работа.

Втора работа, доколку сакаше СДСМ тоа да е денес на дневен ред, согласно членот 66 од Деловникот требаше да си достави писмена информација. Тоа што тие се сетиле од кога почнала седницава да прават политички маркетинг е нивни проблем, не е проблем на ВМРО-ДПМНЕ, на вас или на Парламентот. Работата е многу јасна, ние сакаме да се расправа, но според правилата и процедурите кога ќе имаме информација од Министерството за внатрешни работи, кога Министерството за внатрешни работи ќе го отвори и ќе го затвори случајот, ќе разговараме овде, ќе видиме кои, кого, зошто и со какви мотиви напаѓа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Гледам уште се јавуваат за процедурално, дајте малку барем по два пати, немојте постојано.

Немам ништо против јас, по деловнички ќе ви дадам колку што ќе побарате, ама сепак да имаме една мерка, мерките се во работите, за да знаеме.

Повелете госпоѓо Филипова, процедурално имате три минути.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Сите го слушнавте мојот предлог на почетокот на денешната седница. Мислам дека за тоа кој колку сме воспитани, невоспитани, културни, некултурни, сведочат нашите дела и нашето однесување. Нема потреба да се фалиме и да се расфрламе со зборови овде. Мене ми е многу жал што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со чест на ретки исклучоци, гласаа против информацијата која јас ја барав. Информацијата која ја барав требаше да ја даде министерката за внатрешни работи, за тоа до каде е истрагата. Тоа што вие не се согласивте за дополнување на дневниот ред со таа точка е ваш проблем, колеги. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Јани Макрадули, повелете имате процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе.

Доколку има намера да се бараат процедурални и деловнички недостатоци на предлогот, во име на пратеничката група барам еден час пауза да го подготвиме предлогот и потоа да го ставите на гласање истиот за изјаснување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, за кој предлог?

**Јани Макрадули:** За нашиот предлог на колешката Верица Филипова за информација за нападот на медиумите и новинарите односно сопственикот на Канал 77 Горан Гаврилов.

**Љубиша Георгиевски:** Имате деловничко право на еден час прекин, а не пауза. Господине Макрадули, имате деловничко право на еден час прекин, а не пауза.

**Јани Макрадули:** Добро, прекин.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете пауза од еден час.

(Пауза од 15,38 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,06 часот)

**Благој Зашов:** Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат како би можеле да почнеме.

Колеги пратеници предлагам да продолжиме со работа.

Пратеникот Верица Филипова предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Инфорамција за случајот со крвничкото претепување на сопственикот на првото приватно независно радио во Македонија Канал 77 Горан Гаврилов за текот на истрагата и нејзините резултати.

Информацијата ви е поделена.

Го молам пратеникот Верица Филипова да ја образложи итната и недоложна потреба оваа Инфомрација да биде разгледана на оваа седница.

Збор има госпоѓа Филипова.

Повелете госпоѓо Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни,

Согласно претходно кажаното и писмено доставив Инфорамција до претседателот на Собранието, поделена ни е на сите пратеници, во која барам случајот со претепувањето, инцидентот на 26 јануари 2008 година, пет минути по полноќ, што се случи во Штип, пред куќата во која живее Горан Гаврилов, сопственик на приватното радио Канал 77, во кој случај истиот бил претепан, тешко повреден од двајца

маскирани насилници кои до ден денеска не се откриени.

Бидејки се работи за специфичен случај, а бидејки се работи, уште повеќе, за сопственик на приватно независно радио во Република Македонија, бидејки се работи за можност за заплашување на новинарите, на независните новинари барам да оваа Информација се најде на дневниот ред на денешната 90-та седница, односно барам веднаш после европските закони, предвидени на денешнава седница, а како што можеме да забележиме, закон со европско знакче е само Законот за води, значи веднаш по Законот за води да ја ставиме оваа точка на дневен ред.

Сакам да потсетам дека истово го барав и пред околу два часа, ког аимаше галсање од страна на пристуните парламентарнци, од страна на присутните пратеници и на кое гласање мојот предлог не помина. Односно, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на друг дел од пратениците во Собранието гласаа против ваква информација. За волја на вистината, подоцна и претставникот од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ побара нешто слично, меѓутоа, бидејки мојата иницијатива не помина, не беше ставено на гласање неговото барање.

Со оглед на членот 66 кој предвидува да пратеникот своето барање го достави писмено, во вид на Инфорамција, истото го добивте. Истото, колеги пратеници е пред вас.

Повторувам, бидјеки се работи за многу специфичен случај, бидејки се работи за можност на атак врз македонското независно новинарство, бидејки Горан Гаврилов е сопственик на првото приватно независно радио, бидејки истиот е активен поборник за независно новинарство, активен член на Здружението на новинари на Македонија, бидејки Гаврилов е еден од пионерите на посткомунистичката либерализација на медиумите во Македонија, бидејки неговиот придонес во општата демократизација на македонското општество е познат, признат и значаен, барам да гласате за мојот предлог. Барам министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска, дали писмено или усмено ни образложи до каде е дојдена истрагата за откривање на сторителите на овој гнасен чин и барам оваа Информација да ни ја образложи овде, пред сите нас.

Ве замолувам, поради сето тоа, да гласате за оваа Инфорамција, благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам госпоѓо Филипова.

Со оглед на тоа што во салата сеуште немаме доволен број пратеници, ги замолувам оние колеги кои се во околните сали да дојдат овде како би можеле да гласаме за предлогот што е даден од страна на колешката Филипова.

(Пратеникот Рафис Алити бара збор процедурално).

Во очекување да дојдат уште колеги пратеници за да можеме да гласаме, во меѓувреме за процедурална интервенција се јави господин Алити Рафис.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Сигурно дека не би се јавил за збор, меѓутоа господине Зашов стана практика од страна на мнозинството, кога не се присутни пратениците од опозицијата да се повикуваат камерите и да се види колку се седиштата полни или празни.

Значи, истото што го правеше еден пратеник од мнозинството и јас ги поканувам камерите од Собранието прво да видат кој е присутен од опозицијата, кој прави кворум, за потоа граѓаните да сфатат навистина дали има опструкција од опозицијата или од позицијата. А, позицијата шета по улици и не зема учество во работата на Собранието.

Ги поканувам камерите да го покажат делот на позицијата и опозицијата.

**Благој Зашов:** Мислам дека нема потреба од ова...

**Рафис Алити:** Не, не, не нема потреба. Влатко викаше овде камерите да ги види. Каде се камерите?

**Благој Зашов:** Дозволете господине Алити ...

**Рафис Алити:** Не сте во право.

**Благој Зашов:** ... да ја завршам реченицата.

**Рафис Алити:** Прво да ги видиме камерите на оваа страна, па потоа.

**Благој Зашов:** Рековме еден глас господине Алити.

**Рафис Алити:** Ама ќе излеземе од ...

**Благој Зашов:** Не ми дозволивте да ја довршам реченицата.

**Рафис Алити:** Нека дојдат камерите тогаш, нека ги викне Влатко.

**Благој Зашов:** Не сум јас против тоа камерите да покажат, но сакав да кажам...

**Рафис Алити:** Каде се, каде се?

**Благој Зашов:** ... дека камерите ќе го констатираат она што е ситуацијата.

**Рафис Алити:** Ама каде се камерите?

(На дисплејот се прикажува салата во целосен план).

Е така, да, благодарам, фала Богу.

(Џагор во салата)

**Благој Зашов:** Недостасува само уште еден колега.

**Рафис Алити:** Нека ги шетаат камерите. Влатко велеше камерите и веднаш камерите покажаа. Јас ги викам три пати, не сакаат.

**Благој Зашов:** Во салата има доволен број пратеници за гласање.

Предлогот на пратеникот Верица Филипова Инфорамцијата да биде разгледана на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 66 пратеници колку што се во салата, за гласале 41 пратеник, воздржано 3, против 22 пратеници.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Верица Филипова е усвоен.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Пред малку имавме четворица пријавени за предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

(Реакции во салата во смисла дека тоа било за измена на редоследот на точките).

Бидејки нема, предложениот дневен ред го ставамна гласање.

Од вкупно 63 пратеници колку што гласале, за предложениот дневен ред гласале 48, воздржано 12, против 3 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

За збор се јави господинот Игор Ивановски.

Повелете господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

По утврдување на дневниот ред се јавувам процедурално за измена на редоследот на дневниот ред со барање точката 26 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон, поднесен од пратеничката група на СДСМ од точка 26 да биде точка 4, по донесување на единствениот закон со европско знаменце, барем официјално, на овој дневен ред, а тоа е Предлогот на закон за водите.

Сакам да го образложам моето барање.

Тоа е затоа што граѓаните во изминативе неколку месеци се соочуваат со невиден, незапамтен ценовен шок во Република Македонија. Сите цени на производите незапирливо растат и сите најави во и надвор од Македонија се дека тој тренд, за жал, ќе продолжи.

Една од причините за зголемување на цените и паѓањето со тоа на животниот стандард на граѓаните е порастот на цените на нафтата и нафтените деривати, како на светската беза, така и заради други причини. Но, цената на нафтата и нафтените деривати во значителен процент учествуваат во формирањето на сите производи во Република Македонија.

Прашањето што граѓаните си го псотавуваат во изминативе неколку месеци е дали нешто може да се направи да тоа се ублажи. Ние од СДСМ велиме да и во таа смисла го предлагаме овој закон.

Зошто? Бидејки ако се погледне структурата на цената на сите нафтени деривати во Република Македонија, што ги утврдува сеуште на хартија независниот регулатор, но заради обврската што Владата во 1999 година и со Законот, со Договорот со ОКТА од 31 декември 2007 година ги утврдува, ќе видиме дека за купување на еден литар безоловен бензин 33 денари или повеќе од 50% отпаѓа на давачки кон државата. Во тој дел на ДДВ, во еден дел на акцизата.

Во делот на дизел горивото цели 21 денар отпаѓаат на име на ДДВ и акциза, односно толку денари, 21 денар плаќаат граѓаните или фирмите со купен еден литар на нафта.

Владата во 2007 година го проектираше буџетот меѓу другото и со прибирање на средства на ДДВ и акциза од нафтата и нафтените деривати. Од јануари до ноември 2007 година цената на нафтата порасна за речиси 50 до 60% во различни временски периоди. На тој начин Владата преку зголеменото зафаќање за ДДВ има прибрано . . .

(Реакција од пратеничката Силвана Бонева).

Дозволете, сакам да ве убедам зошто сметам дека овој предлог треба да биде усвоен.

**Благој Зашов:** Може само пократко, да не одолжувате.

**Игор Ивановски:** Јас мислам дека три минути имам за да образложам.

**Благој Зашов:** Не го меревме времето, заради тоа.

**Игор Ивановски:** Во рамките на моите три минути ќе кажам што мислам.

**Благој Зашов:** Ве молам, привршете господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Потпретседателе, јас сум спремен за три минути да образложам процедурално и тие три минути ми се на располагање.

**Благој Зашов:** Продолжете и објаснете го тоа.

**Игор Ивановски:** Дајте ми уште 30 секунди, ќе го завршам моето образложение, ако толку ви е проблем.

**Благој Зашов:** Повелете, имате 30 секунди.

(Реакција на пратеничката Силвана Бонева со зборовите: Образложение на итност се дава, а не за промена на редоследот на точките).

**Игор Ивановски:** Ако има нешто поитно во оваа држава од спасување на животниот стандард на граѓаните и намалување на ценовниот шок, јас не гледам дека има нешто поитно. Сигурно тоа е поитно од градење црква на плоштадот.

**Благој Зашов:** Ве молам, не влегувајте во дијалози. Повелете, дообјаснете.

**Игор Ивановски:** Токму за тоа потпретседателе сакам да кажам дека Владата на Република Македонија непланирано прибрала повеќе средства во Буџетот заради порастот на цената. Со предлогот за намалување на ДДВ од 18% на 5% ќе падне цената на сите нафтени деривати во просек за 7 денари.Тоа е сериозна помош и за граѓаните и за фирмите кои овие средства едните, граѓаните ќе ги употребат за својот животен стандард, а фирмите за помали трошоци и за реинвестирање. Со овој предлог нема да биде оштетен никој. Ниту државата, бидејќи има да добие средства, ќе добијат граѓаните, а само за жал претставниците на владеачкото

мнозинство ќе бидат се понервозни и понервозни.

Затоа сметам дека веднаш треба да ја донесеме оваа мерка за да го превенираме натамошното паѓање на животниот стандард. Предлагам господине потпретседателе точката 26 да биде точка број 4, затоа ја бараме поддршката од владеачкото мнозинство. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ивановски.

Предлогот на господин Ивановски точката 26 да биде точка 4 ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65, за предлогот гласале 22 пратеници, воздржан 1, против 42.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете, госпоѓо Бендевска.

Повелете госпоѓо Бонева процедурално.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе. Претпладнето, односно пред паузата интервенирав да се почитува Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Жалам што повторно колегите од опозицијата не го почитуваат Деловникот за работа на Собранието. Повторно сум принудена да го прочитам член 74.

“Во текот на седницата по предлог на претседателот или Собранието или по предлог од 10 пратеници”. . . (Реакција од пратеници)

Почитуван колега, знам дека го знаете Деловникот, за жал не го почитувате.

**Благој Зашов:** Ве молам, немојте дијалози да водите.

**Силвана Бонева:** Ве молам, мора тоа јасно да го кажам и мора да го почитуваме веќе и вие да интервенирате и заменик генералниот секретар, преескa и генералниот секретар да не се дозволува дискусија тогаш кога не треба.

“Во текот на седницата по предлог на претседателот на Собранието или по предлог од 10 пратеници Собранието без претрес може да одлучи да се изврши измена во редоследот на претресот по одделни прашања, односно да се води единствен претрес по одредени прашања”.

Значи, ве молам да не дозволиме да расправаме по точка под превезот на тоа дека образложуваме зошто оваа точка да биде друга точка.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бонева за вашата процедурална интервенција, за процедурално се јави господин Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Да се повикувам на Деловникот на Главата 4, Тек на седницата но на член 73, кој не случајно е пред член 74 што беше цитиран од колешката Бонева. Значи во членот 73 се вели: “Собранието без претрес се изјаснува за секој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред”, што значи од кога го усвоивте или го усвоивме дневниот дел, доаѓа делот за изменување, односно на изменување на редоследот на точките. Во три минути согласно Деловникот дел од пратениците образложуваат зошто мислат дека некоја точка треба да биде пред друга. Една пред друга. Колешката членот 74 што го цитираше се однесува откако ќе почне дневниот ред, ако се осети некоја потреба да се помести точката. Но, сеуште сме на членот 73 кој природно се наоѓа пред членот 74 за изменување на дневниот ред. Три минути предлог, без претрес, се гласа, да не губиме време, да дојдеме до почетокот на материјалната расправа.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине Макрадули.

Момент само ве молам.

Ќе одиме според Деловникот, значи во рок од три минути секој има право да го објасни предлогот, да објасни зошто предлага.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова, повелете.

Се извинувам, госпоѓа Бендевска, вие сте на ред.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Мојот предлог е точката со реден број 25 - Предлог за измена и дополна на Законот за царинска тарифа во денешниот дневен ред да биде рагледуван како точка 5 на дневниот ред.

Предлагаме со нашиот закон, поднесен од страна на пратеничката група на СДСМ, увозот на висококвалитетни дизел горива со ниска содржина на сулфур да се увезува без царина или со царинска стапка од 0%. Ова е мошне важно со оглед на тоа што ќе овозможи малопродажната цена на дизел горивата да се намали за 4 денари. Бенефитот ќе биде повеќе стран, најпрво ќе се ублажи ценовниот удар врз потрошувачите, падот на животнот стандард кој секојдневно го чувствува секој граѓанин на Република Македонија со нашиот предлог ќе биде колку толку ублажен.

(Реакција од пратеници со зборовите: “без претрес”).

Јас ве молам господине Зашов да овозможите навистина работа.

**Благој Зашов:** Госпоѓа Бендевска, продолжете и објаснете го вашиот предлог, повелете.

**Весна Бендевска:** Не можам да продолжам, ве молам, не се слушаме.

Го образложувам мојот предлог зошто точката заслужува да биде разгледувана како точка 5 на дневниот ред. Доколку овој Предлог закон биде донесен што поскоро, ќе имат бенефит не само граѓаните со намалување на цената, туку оди во насока на заштита на животната средина. (Реакции од пратеници).

**Благој Зашов:** Госпоѓо Бендевска, завршете со вашиот предлог.

**Весна Бендевска:** За да објаснам, во овој момент во Македонија се користи исклучително

дизел Еуро-3, произведено исклучително од ОКТА и со оглед на тоа, ја разбирам нервозата и реакцијата од страна на координаторот на ВМРО ДПМНЕ.

**Благој Зашов:** Госпоѓо Бендевска, го слушнавме вашиот предлог.

**Весна Бендевска:** Со оглед на тоа, во овој момент само во Македонија се користи вакво. . .

**Благој Зашов:** Госпоѓо Бендевска го слушнавме вашиот предлог и ќе го ставам на гласање.

Предлогот на госпоѓа Бендевска точката 25. . .

(Реакции од пратеници)

Госпоѓа Бендевска предложи точката 25 да биде точка 5 во дневниот ред.

(Реакција на пратеничката Весна Бендевска со зборовите "дозволете да го завршам образложението)

Го слушнавме образложението.

(Пратеничката Бендевска излегува на говорница)

Ајде повелете уште 2 минути објаснето го до крај предлогот и ќе одиме понатаму.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Жешка е темата, се работи за монополот што Владата на 31 декември им го овозможи повторно на ОКТА. Но почитувани пратеници, работата е многу сериозна. ОКТА произведува дизел гориво ЕУРО-3, со 350 милиграма сулфур.

(Реакција од некои пратеници од позицијата со удирање во пратеничките клупи со рака)

Почитувана пратеничке (се обраќа на пратеничката Силвана Бонева), се труе народот . . .

**Благој Зашов:** Без претрес ве молам.

**Весна Бендевска:** Еколошка катастрофа има во Македонија. Токму заради тоа очекувам ваша лична поддршка, предлогот да биде под итно разгледуван како точка 5 на дневниот ред.

**Благој Зашов:** Дозволете да продолжиме госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе. Само во Македонија се употребува Еуро-3, ниту во Косово не се употребува вака штетно дизел гориво.

**Благој Зашов:** Госпоѓа Бендевска. . .

**Весна Бендевска:** . . . и тоа треба да биде причина повеќе да ја добиеме и вашата поддршка почитувани пратеници, со оглед на тоа што треба да имате разбирање за интересите на граѓаните, а не за интересите на бизнис фамилијата, која за жал во овој момент . . .

**Благој Зашов:** Госпоѓо Бендевска, готово, немате повеќе збор.

**Весна Бендевска:** . . . му овозможува на ОКТА сериозен монопол и барам почитување на правилникот. . .

(Микрофонот беше иклучен).

**Благој Зашов:** Госпоѓо Бендевска, завршивте со вашето образложение.

Колеги пратеници, имаме предлог од госпоѓа Бендевска точката 25 да биде точка 5 од дневниот ред.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за предлогот гласале 24, нема воздржани, против 42.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

За збор се јави госпоѓа Верица Филипова во врска со измените на дневниот ред, повелете.

Само момент, да видиме кои пратеници се пријавиле процедурално, Бонева и Николовски.

Повелете госпоѓо Бонева, вие имате процедурално.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, уште еднаш молам да не дозволувате Собранието да се претвора во нешто што не наликува на Собрание. Секој оној кој што не го почитува Деловникот за работа на Собранието да му се одзема зборот, инаку, правиме неред во Собранието и оневозможуваме да се работи. Никогаш до сега не се случило во овие години додека јас седам во Собранието некој да си дозволи да го прекрши членот 73, кој повторно ќе го повторам, она што го кажа колегата Макрадули дека Собранието без претрес се изјаснува за секој предлог. Право е на секој пратеник да предложи точка 10 да биде точка 5, или точка 3, да биде точка 2, но без претрес, без образложенија, без дискусии. Никогаш до сега не се случувало вакво нешто да се злоупотребува. . .

(Дофрлување на пратеникот Макрадули со зборовите: "Без претрес, никој друг да не се јавува, но мора да се даде образложение").

Тоа не доликува на никој, ве молам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете процедурално господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, се извинувам, ќе се воздржам да не се јавувам повеќе, но апелирам на примена на Деловникот на ист начин како што се применуваше во изминатите 7 години, а тоа е дека откако ќе се утврди дневниот ред започнува делот на менување на точките дококу има некоја потреба. Без претрес значи, дека предлогот откако ќе биде даден не учествува Собранието во претресот, како што го злоупотреби сабајле некој од ВМРО ДПМНЕ, туку веднаш се гласа, но предлогот мора да биде образложен во рок од три минути и ние како пратеничка група се придржуваме до она што е пракса седум години во минатото, ние мора да го убедиме парламентрното мнозинство и другите пратеници, да ги убедиме сите пратнеици зошто мислиме дека една точка да биде пред друга. Ако тоа ќе ја намали сиромаштијата, ќе ја намали, ако е заради тепање на новинари, за тоа, знажи ние даваме предлози во рок од три минути, ништо не е надвор од процедурате. Без претрес значи дека не може никој друг да се јави и за тоа да учествува. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

Продолжуваме со работа.

Ве молам, предлозите што во иднина ќе се даваат ќе се образложуваат во рок од три минути, ништо повеќе и нема учество од другите пратеници.

За збор се јави гоиспоѓа Верица Филипова, повелете.

(Реакции од пратениците од СДСМ со зборовите:”опструкција од координаторот, сакаме да работиме, а не можеме”).

Ве молам, господине Ивановски, дозволете и на вашата сопартијка да го образложи предлогот.

**Верица Филипова:** Обезбедете услови за работа, потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, на денешната пленарна седница, 90-та седница на Собранието на Република Македонија како дневен ред усвоивме 35 точки, ни помалку ни повеќе туку 35 точки. Точката која јас ја предложив, точката за дополнување на дневниот ред Инфорамција за крвничкото претепување на сопственикот на првото приватно независно радио во Македонија Канал 77 Горан Гаврилов за текот на истрагата и за нејзините резултати се гласаше два пати, едниот пат без пишана информација кога резултатот на гласањето беше 22 пратеника за, 34 пратеници против, и не помина. Вториот пат гласавме со пишана информација кога за гласаа 41 пратеник, а 22 гласаа против. Меѓутоа, доколку оваа точка биде како точка 34 или 35 во дневниот ред на денешната седница, тоа ќе значи дека оние што гласале за, значи некои се предомислиле, само декларативно се предомислиле, односно не се за разгледување на оваа информација на 90-та седница.

Поради тоа предлагам оваа информација да биде точка 5 од дневниот ред на оваа седница, веднаш после ратификациите, веднаш после Законот за водите, единствен закон со знакот со европското знаменце, односно единствен закон за усогласување со европското законодавство од предложените 35 точки. Значи логично е ако гласавме искрено за оваа информација пратениците сега на моето барање точката со инфорамацијата да биде точка 5 на дневен ред да гласаат повторно за. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Филипова.

Предлогот на госпоѓа Филипова точката што таа ја предложи да биде точка 5 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 19 гласале за, еден воздржано и 41 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Продолжуваме со другите предлози.

За збор се јави господин Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници и јас во согласност со Деловникот за работа на Собранието член 73, барам да имаме измени на дневниот ред и тоа веднаш по 4-тата точка предлагам да се стават на дневен ред точките 25, 26, 27 до точка 31, во однос на финансиските планови на ЈП МТВ, каде се предвидени неколку точки на дневен ред кои имаа меѓусебна врска.

Мислам дека ЈП Македонска телевизија има понудено реформска стратегија и бара на МТВ да и се усвојат плановите, било во сателитските емисии, било на емисиите за нашите иселеници.

Има тука една точка која има посебно значење, точката 31 каде исто така се зборува за емитување на сателитски емисии за нашите иселеници во странство кои припаѓаат на заедниците кои се над 20% во Република Македонија.

Според тоа барам од пратениците да го прифатат овој мој предлог за дневниот ред и точките од 25 до 31 од привичниот предлог на дневен ред да почнат од точка 5 односно да почнат од точка 6 од дневнот ред.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Хани.

Предлогот на господинот Хани точките во дневниот ред од 25 до 31 да почнат со точка 5, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 23, воздржани нема, 35 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Збор побара господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам потпретседателе.

Јас барам прво да се преброиме дали имавме кворум за точката што ја гласавме, бидејќи многу пратеници излегоа од салата, а потоа ќе предложам нешто.

**Благој Зашов:** Ги молам службите да пребројат колку пратеници има во салата.

Службите потврдија дека во моментот на гласањето имало 61 пратеник од кои 58 гласале.

Продолжуваме со работа.

Повелете господине Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Јас предлагам наместо точката 14 каде се говори за законот за енергетика, истата да биде последна точка од дневниот ред точка 31, а точката 31 да биде точка 14. Мислам дека тоа е во интерес на сите пратеници и граѓани, меѓутоа и на Владата, за да се добие во време во оваа насока.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Предлогот на господинот Алити за промена на дневниот ред, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, од кои 23 за, воздржани нема, против 33.

Констатирам дека и овој предлог не е прифатен.

Ве повикувам сега да гласаме за предложениот дневен ред.

Доколку колегите пратеници мислат дека не мора да го читам целиот дневен ред, со тоа што ќе констатираме дека на крајот е усвоена и инфорамцијата односно предлогот за разгледување на информацијата за случајот со претепувањето на сопственикот на првото приватно независно радио, тогаш да поминеме само на утврдување односно на глање за усвојување на дневниот ред.

Процедурално за збор се јавува господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Според Деловникот, ваша обврска е да го прочитате дневниот ред со измените кои се направија и после ние да знаеме на која точка каде и е местото. Затоа дневнот ред треба да го прочитате.

**Благој Зашов:** Со оглед на тоа што имаше само една измена, а дневниот ред беше претходно прочитан, ја додаваме на крајот само информацијата, мислам дека нема потреба да губиме време и да го читаме целиот дневен ред.

**Рафис Алити:** Потпретседателе, не се работи за времето, се работи за процедури. Вие треба да го прочитате дневниот ред. Инаку, не мора да има кворум, не мора да има процедури, ќе го прочитате дневниот ред со 20 присутни пратеници во салата.

**Благој Зашов:** Во ред, ќе го прочитам дневниот ред.

Според тоа за денешната седница го имаме следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавски;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на стратешкиот договор меѓу Република Македонија и Канцаларијата на европската полиција, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на седмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, со Предлог на закон;

4. Предлог на закон за водите;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон;

Јас би молел господинот Алити да ме слуша, бидејќи тој инсистираше да го прочитам.

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на агенција за странски инвестиции на Република Македонија, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компезација на цената на некои прехранбени производи, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за здружување на земјоделците, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за арондација, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за комасација, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за лобирање;

18. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од Меѓународните финансиски организации, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка , со Предлог на закон;

21. Предлог за разрешување на господин Љубиша Георгиевски од функцијат претседател на Собранието на Република Македонија;

22. Предлог за донесување на закон за техничка инспекција, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судски буџет, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;

27. Информација за состојбите на производителите на шеќерна репка во Полошкиот регион;

28. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Собранискиот канал за 2007 година;

29. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;

30. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2008 година;

31. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот радио програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;

32. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот телевизиски програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;

33. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности наменети за активностите на Собранието на Република Македонија за 2008 година;

34. Предлог на одлука за одобрување на финасискиот план на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот втор телевизиски програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик за 2008 година;

35. Инфорамиција за случајот со крвничкото претепување на сопственикот на првото приватно независно радио во Република Македонија Канал 77, Горан Гаврилов, за текот на истрагата и нејзините резултати.

Продолжениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 43, воздржан 1, против 12.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за именување претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки**

Сега да се договориме.

Со оглед на тоа што почнавме во 14,00 часот, а не во 11,00 како што беше планирано, мене ме известија дека продолжуваме со работа. Доколку мислите...

Повелете процедурално господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе.

Потпретседателе, во 18,00 часот има закажано седница на Комисијата за безбедност и одбрана, која беше закажана еднаш, па одложена, поради неможноста вашиот министер за одбрана Лазар Еленовски, поради неможноста да го доведеме во салата, денес конечно го најдовме и началникот на Генералштабот, кои треба да поднесат извештај што е сработено во делот на реформите во одбраната и во мировните мисии. Затоа ве молам тука да ја затворите седницата, затоа што, на пример во Јапан ако доцни една минута еден воз, главниот машиновоѓа во конкретниот случај сте вие, си оди или си врши харикири.

Ние денес, заради лошо менаџирање на овие што беа во Вилтон парк, не можеме 4 часа да се договориме околу дневниот ред.

Шегата на страна, би ве замолил тука да ја прекинеме седницата, а Комисијата за одбрана и безбедност да си ја врши работата. Благодарам.

**Благој Зашов:** Овде ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме седницата утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,05 часот)